„Илинден“ 50, 1000 Скопје
Република Македонија
тел./факс: 02/ 31 21 100

www.transparentnost-mk.org.mk

# Годишен извештај за работата на Транспарентност Македонија во 2011 г.

**Поднесен од Ана Јаневска-Делева**
**Извршен директор на ТМ**

**Февруари 2011 г.**

За *Транспарентност Македонија*, 2011 г. беше уште една успешна година. За разлика од претходните три госини кога ТМ спроведуваше само еден проект, во 2011 г. ТМ се реализираа три проекта. Изминатата година помина во средби со странски делегации или претставници на меѓународни организации заинтересирани за ставовите на *Транспарентност Македонија* во сферата со која се занимава нашето здружение, а извршниот директор и претседателот на ТМ учествуваа на неколку конференции, тркалезни маси и дебати организирани во земјата и посветени на проблемите што ги третира ТМ. Следејќи ги насоките зацртани на последното Собрание на ТМ, како и оние на УО на ТМ, здружението продолжи да биде најценетиот и највлијателен невладин *watch dog* во државата чиишто ставови нашироко се пренесуваат во општата и во стручната јавност во Македонија.

УО на ТМ, редовно ја следеше и финансиската состојба во организацијата, давајќи совети и насоки за финансиско работење на ТМ.
Во изминатите 12 месеци во ТМ се потрошени **2.630.276,00 МКД.**

Поконкретно, во изминатите 12 месеци ТМ ги спроведе следниве активности:

1. Седница на Собрание
2. Седници на Управен одбор
3. Проект - Месечни извештаи
4. Проект – Транспарентно финансирање на политички партии
5. Проект – Сопственичка структура на медиумите во РМ
6. Предлог проекти
7. Одбележување на 9-ти Декември
8. Медиумите за ТМ

## 1. Седници на Собрание

Собранието на ТМ во изминатите 12 месеци одржа една седници, на **23.02.2011** година. На ова Собрание, меѓу другото,беше избран и нов УО на ТМ. Исто така, согласно последните

измени на Законот за здруженија и фондации, Собранието на ТМ усвои неколку измени на Статутот на здружението.

## 2. Седници на Управен одбор

Во текот на 2011 г. Управниот одбор на ТМ одржа **4 официјални седници** (02.03.2011 г., на 31.05.2011 г. 03.12.2011 г. и на 24.12.20111) и повеќе неофицијални консултативни средби. Освен расправите по тековните прашања, УО на одржаните седници одлучи и за:

- Одлуки за избор на претседател и потпретседател на ТМ
- Одлука за пререгистрација на здружението.
- Одлуки за финансирање на организацијата.

## 3. Месечни извештаи за состојбите во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството

Во 2011 г. продолживме со објавување на месечните извештаи. Во текот на 2011 г. се објавија 1 годишен извештај за 2011 г., 8 месечни и два двомесечни извештаи.
Предвидените цели и активности на проектот "Месечни извештаи за состојбата во борбата против корупцијата и криминалот и состојбата со транспарентноста во општеството" се постигнуваа на веќе воспоставен начин на работа. Тимот кој што работеше на проектот и во 2011 г. забележа дека е големот бројот на неправилности, кршење на законските и други процедури, сомневања за извршени коруптивни и криминални дела како и недостатокот од транспарентност и јавност во работата на државата и нејзините органи и институции. Сите извештаи се објавуваат на прес-конференции кои се одржуваат во просториите на НВО Инфо-центар како и во просториите на ТМ и на веб-сајтот на ТМ.
Во канцеларијата на ТМ секојдневно се следи пишувањето и известувањето на македонските печатени и електронски медиуми во врска со дејноста на ТМ, за што се води редовен **прес-клипинг**. Проектот беше финансиски поддржан од ФОО - М.

## 4. Транспарентно финансирање на политичките партии во РМ

Транспарентност Македонија во партнерство со Фондацијата Отворено општество Македонија во 2011 го спроведуваше проектот „Транспарентност во финансирањето на политичките партии“, преку кој континуирано се следеше и се анализираше финансирањето на политичките партии. Со проектот беа идентификувани низа неправилности и кршење на законските норми, но и недостигот од транспарентност и јавност во работата на политичките партии. Централна активност беше испраќањето на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер до регистрираните политичките партии, партиите кои учествуваа на изборите како и до релевантните институции. Во пет наврати беа испратени вкупно 221 барање со кои се бараа различни информации (годишниот финансиски извештај за 2010; првиот и вториот квартален извештај за добиени донации; како и трите финансиски извештаи за изборната кампања за предвремените парламентарни избори од јуни 2011 година). Добивме исклучително низок процент на одговори, па затоа до Комисијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер беа поднесени 54 жалби за 26 партии кои ги примиле барањата. Комисијата за слободен пристап ги отфрли сите жалби со образложение дека политичките партии не се иматели на информации од јавен карактер. Поради ова рестриктивно и погрешно толкување на законот поведовме управни спорови против Комисијата за слободен пристап, со кои бараме

поништување на овие решенија. Постапките се во тек, а од нивниот исход во голема мера ќе зависи и нивото на транспарентност во финансирањето на политичките партии.

Анализираните податоци беа преточени во периодичен извештај што беше претставен на затворена, експертска тркалезна маса во ноември 2011. На средбата се дискутираше за добиените резултати, за измените во Законот за финансирање на политичките партии а се формулираа и конкретни препораки. Периодичниот извештај им беше доставен за коментар на надлежните институции. Во таа смисла, во јануари 2012 беа остварени средби со Министерството за финансии, Министерството за правда, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија, Управата за јавни приходи и со Државниот завод за ревизија. Сите наведени институции имаат или имале надлежност врз контролата на финансирањето на политичките партии, па затоа им поставивме конкретни прашања а нивните одговори беа вметнати во годишниот извештај. Овој извештај ги содржи и резултатите од истражувањето како и анализа и коментари на законската рамка. Испечатениот извештај беше презентиран на тркалезна маса, која се оддржа на 15.02.2011. На оваа средба говореа професорите д-р Никола Тупанчевски, д-р Предраг Трпески и д-р Ванчо Узунов. На средбата беа поканети експерти, претставници на граѓанскиот сектор, претставници на меѓународните организации и дипломатските претставништва. Понатму, беа поканети и претставници на парламентарните политички партии како и институциите кои имаат или имале надлежност во финансирањето на политичките партии (за жал од институциите присуствуваа само претставници од Управата за јавни приходи и Државната изборна комисија, а од политичките партии претставници на СДСМ и НСДП). И покрај солидната медиумска покриеност на настанот, конечниот извештај ќе биде дистрибуиран до сите државни институции, меѓународни институции во РМ, политички партии, медиуми како и до НВО-и кои се занимаваат со оваа пробематика.

## 5. Сопственичка структура на медиумите во РМ

Транспарентност Македонија во месец август 2011 г. започна да го спроведува проектот "Транспарентност во сопственичката структура на медиумите во РМ". Проектот има за цел за да ги мапира сопственичките структури во македонските печатени и електронски медиуми, како и историјата на сопственичките односи и трансфери во периодот од 1991 – 2011. Преку проектот ќе се илустрира важноста и ефектите на сопственичките врски врз медиумскиот плурализам, уредувачката независност и инволвираност на политичките и бизнис влијанија во македонските медиуми во последните две децении на демократската транзиција во земјата.

## 6. Предлог проекти

ТМ во 2011 г. поднесе четири предлог проекти:

- "Транспарентно финансирање на политичките партии", поднесен во ФООМ, одобрен.
- "Сопственичка структура на медиумите во РМ", поденсен во Амбасадата на САД, одобрен.
- "Улогата и одговорностите на Собранието на РМ во борбата против корупцијата", поднесен во National Endowment for Democracy, одбиен.
- "Месечни извештаи за состојбите со орг. криминал и корупцијата во РМ", поднесен до Balkan Trust for Democracy, во очекување на одговор.

## 7. Одбележување на 9-ти декември

По повод 9-ти декември, Меѓународниот ден на борбата против корупцијата, ТМ годинава го одбележа со прес конференција.

## 8. Медиумите за ТМ

### ТМ: АНТИКОРУПЦИСКАТА КОМИСИЈА Е ИНСТРУМЕНТ НА ВЛАСТА

Антикорупциската комисија е претворена во инструмент на владата за политичка пресметка со владините опоненти и за криење на состојбите, тврди невладината Транспарентност македонија. Повикува на чување на демократските придобивки и на отчетност во владеењето. (09.12.2012 Телма ТВ )

**„Транспарентност“: Обвинителството нема волја**

Невладината организации „Транспарентност Македонија“ вчера реагираше за случајот Мартин Нешковски, со став дека Основното јавно обвинителство во Скопје го заташкува случајот. Според организацијата, во земјава се' уште не постои орган што може да спроведе компетентна, независна и непристрасна истрага изолирана од политички влијанија, па затоа предупредуваат дека „земјава ќе остане на црна листа на држави во кои полициската бруталност не се санкционира, туку организирано се затскрива со поддршка на врвот на МВР“.

„Со поднесување на обвинение само против полицискиот специјален И.С., Основното јавно обвинителство во Скопје потврди дека Обвинителството ниту е кадро, ниту има волја да ја оствари својата задача доследно и темелно да го истражи случајот на екстремна полициска бруталност и очигледните и наивни обиди на раководството на МВР, најпрвин, комплетно да го прикрие случајот, а подоцна истиот да го ограничи со процесуирање само на полицискиот специјалец како „жртвено јагне“, посочуваат од „Транспарентност Македонија“.

Тие го потсетуваат јавното обвинителство дека прикривањето и неистражувањето на кривично дело не подразбира само политичка одговорност на инволвираните туку е и кривично дело. Јавното обвинителство, според организацијата, треба доследно да спроведе соодветна истрага во случаите кога постои инволвираност на полицијата во настан во кој постои определен судир на интереси. (07.10.2011 Утрински весник)

**Транспарентност Македонија: Списоците на ВМРО–ДПМНЕ најтежок политички скандал**

Почетокот на изборната кампања за предвремените парламентарни избори е одбележан со еден од најтешките политички скандали што воопшто се случил кај нас. Случајот со списоците од 15 до 30 лица кои ќе треба да гласаат за ВМРО–ДПМНЕ, вработени во јавната администрација претставува акт насочен кон подривање на темелните вредности на демократското општество. Ова е најголемото прекршување на корупцијата и транспарентноста според невладината „Транспарентност Македонија“. На денешната прес конференција, Ана Јаневска Делева освен оваа забелешка во мајскиот извештај посочи уште 11 предупредувања за работата на институциите.

- Го повикуваме Јавниот обвинител да собере храброст и да ја оттргне институцијата што раководи под партиски стеги на власта, сметаме дека во случајот „списоци“ има елементи на кривично дело злосторничко здружување. Исто така го повикуваме првиот

даночник, Горан Трајковски да поднесе оставка од директоркото место во УЈП пред 5 јуни, за доброто на изборниот процес и за да покаже дека е прв даночник на Македонија, а не на ВМРО–ДПМНЕ – изјави Јаневска Делева.

Таа истакна дека „Транспарентност Македонија“ предупредува за енормното трошење пари за скапите политички кампањи, задржувајќи се на владејачката македонска партија која потроши многу пари за билборди, реклами, печатењето на „Манифестот“ притоа не прецизирајќи чија донација се 1,5 милиони евра потрошени за реклами и огласи во медиумите. Од невладината сметаат дека власта си ја злоупотребува позицијата за партиски цели, а во тоа се истакнуваат Никола Груевски и Зоран Ставревски со предизборните активности.

- Спротивно на Законот за спречување корупција, владата еден месец пред избори склучи двегодишни договори со весниците „Дневник“, „Вест“, „Утрински весник“, „Нова Македонија“, „Коха“ и „Вечер“ за вредност од 150.000 евра, но тајмингот на договорот во пресрет на изборите создава сомневање врз уредувачката политика. Исто така, бараме од УЈП да покрене постапка за испитување на имотната состојба на членовите на Антикорупциската комисија оти досега немаат поднесено анкетен лист – истакна Јаневска Делева. Таа го спомена и случајот со разрешувањето на апелацискиот судија Јордан Митриновски со што смета дека во Македонија гаранциите за судската независност се само правен декор. (02.06.2012 Плусинфо)